**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

**Од ЧЕТИРИНАЕСЕТТАТА седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 24.06.2026 година**

**СКОПЈЕ, ЈУНИ 2026 ГОДИНА**

## З А П И С Н И К

**Од Четиринаесеттата седница на**
**Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 24.06.2026 година**

Седницата започна во 11:20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на советот на Општина Гази Баба, **Виктор Трпевски**.

На седницата присуствуваа сите членови на советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјалите предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

За збор се јави членот на советот - **Маја Никодиновска** (Левица) која упати **забелешки** на недоставениот нацрт-записник од 13-та седница (кој се изготвува од стручната служба и ќе биде доставен на следната седница).

За збор се јави членот на советот - **Александар Вељановски** (коалиција предводена од СДСМ) кој упати **забелешки** на непотполниот одговор од надлежниот сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности (во врска со побараниот извештај за 2025 година за сите оддржани манифестации, кои општествено одговорни субјекти донирале, како и договори за ангажман на лица за организација на настаните).

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на совет - **Виктор Трпевски**:

За работата на седницата на советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, **со следниот предлог за дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно извештајот на комисијата за општествени дејности, бр.09-3879/2 од 23.06.2026 година се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**7.** Предлог - Одлука за пренесување на право на сопственост и распределба на движни ствари - 2 (два) прочистувачи на воздух на ООУ "Вера Јоциќ" - Општина Гази Баба - Скопје и ООУ "Стив Наумов" - Општина Гази Баба - Скопје.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "7"** беше усвоен со **24 гласа "ЗА".**

Претседателот на Советот констатираше дека точката "7" е составен дел на предложениот дневен ред.

Предлози за **изменување** на предложениот дневен ред:

1. За збор се јави членот на советот - **Маја Никодиновска** (Левица) која предложи точката "1" да **се симне** од предложениот дневен ред, од причина што е сторена техничка грешка и наместо Општина Гази Баба, во извештајот е наведена Општина Аеродром.

Предлогот точката "1" да **се симне** од предложениот дневен ред **не беше усвоен** со **7 гласа "ЗА" и 16 гласа "ПРОТИВ".**

За збор се јави членот на советот - **Александар Вељановски** (коалиција предводена од СДСМ) кој упати **забелешки** во однос на доставениот извештај за работата на ЈП "Лајка" - Скопје на територија на Општина Гази Баба, за период јануари - декември 2025 година и побара да биде доставен корегиран извештај и забелешката да влезе во записник.

**Коментар од стручната служба:**

Забелешката на членовите на советот **Маја Никодиновска** (Левица) и **Александар Вељановски** (коалиција предводена од СДСМ) иако од нивна страна во текот на дискусијата беше наведено дека се работи за техничка грешка во извештајот, всушност се однесува на техничка грешка во пропратното писмо со кое е доставен извештајот. Техничка гешка во извештајот со пермутација на називи на општини не е евидентиран.

За збор се јави членот на советот - **Маја Никодиновска** (Левица) која упати **забелешки** дека е незаконски тоа што точката останува дел од предложениот дневен ред.

Претседателот на советот истакна дека основаноста за постапување по однос на извештајот е склучениот договор наведен во воведниот дел на Предлог-Заклучокот предмет на расправа и одлучување пред советот.

Во консултација помеѓу претседателот на советот, координаторите на советничките групи и в.д директор на јавното претпријатие, беше констатирана потребата од соодветна корекција во пропратното писмо доставено од ЈП "Лајка" – Скопје.

2. Согласно извештајот на комисијата за општествени дејности, бр.09-3879/2 од 23.06.2026 година, точката "4" **се симна** од предложениот дневен ред.

3. За збор се јави членот на советот - **Дејан Боневски** (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ) кој предложи точката "1" да се разгледа како точка број "6".

Предлогот точката "1" да **се разгледа како** точка број "6" беше усвоен со 23 **гласа "ЗА".**

Претседателот на Советот констатираше дека точката "4" е симната од предложениот дневен ред, точката "1" ќе се разгледува како точка "6", точките "2" и "3" ќе се разгледуваат како точки "1" и "2" и точките "5", "6" и "7" ќе се разгледуваат како точки "3", "4" и "5".

За работата на седницата со **23 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје;
2. Предлог - Одлука за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје;
3. Предлог - Одлука за формирање на Локален управен комитет за изработка на Локален акционен план за животна средина на Општина Гази Баба (ЛЕАП 3), за период 2027 - 2033 година;
4. Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт ЦС 12, Општина Гази Баба, плански период (2020 - 2030);
5. Предлог - Одлука за пренесување на право на сопственост и распределба на движни ствари - 2 (два) прочистувачи на воздух на ООУ "Вера Јоциќ" - Општина Гази Баба - Скопје и ООУ "Стив Наумов" - Општина Гази Баба - Скопје; и
6. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за работата на ЈП "Лајка" - Скопје на територија на Општина Гази Баба, за период јануари - декември 2025 година.

Пред преминување на расправа и одлучување по точките од утврдениот дневен ред, беа соопштени ставовите на комисиите.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, со **23 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места, во Јавната установа за деца - детска градинка "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, со **23 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за формирање на Локален управен комитет за изработка на Локален акционен план за животна средина на Општина Гази Баба (ЛЕАП 3), за период 2027 - 2033 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за формирање на Локален управен комитет за изработка на Локален акционен план за животна средина на Општина Гази Баба (ЛЕАП 3), за период 2027 - 2033 година, со **23 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт ЦС 12, Општина Гази Баба, плански период (2020 - 2030).**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставникот од општинската администрација - Кристина Ј. Коваленска и членовите на советот: Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ) и Влатко Ристовски (Левица).

Советот ја донесе Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт ЦС 12, Општина Гази Баба, плански период (2020 - 2030), со **16 гласа "ЗА" и 4 гласа "ПРОТИВ"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за пренесување на право на сопственост и распределба на движни ствари - 2 (два) прочистувачи на воздух на ООУ "Вера Јоциќ" - Општина Гази Баба - Скопје и ООУ "Стив Наумов" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за пренесување на право на сопственост и распределба на движни ствари - 2 (два) прочистувачи на воздух на ООУ "Вера Јоциќ" - Општина Гази Баба - Скопје и ООУ "Стив Наумов" - Општина Гази Баба - Скопје, со **22 гласа "ЗА"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за работата на ЈП "Лајка" - Скопје на територија на Општина Гази Баба, за период јануари - декември 2025 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Маја Никодиновска (Левица) и Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ) како и в.д директорот на ЈП "Лајка" - Скопје, Војислав Димитровски.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештај за работата на ЈП "Лајка" - Скопје на територија на Општина Гази Баба, за период јануари - декември 2025 година, со **23 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на советот - Виктор Трпевски ја заклучи Четиринаесеттата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **12:40** часот.

**Број 09-4200/3**
**од 08.07.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот